# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА НОВАЦИ


[www.opstinanovaci.gov.mk](http://www.opstinanovaci.gov.mk)
opstina@opstinanovaci.gov.mk

**26.11.2025 година**
**БРОЈ 2/2025 НОВАЦИ**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр. 05/02 и „Сл. весник на РСМ“ бр. 202/24) и член 68 од Статутот на Општина Новаци („Сл. гласник на Општина Новаци“ бр. 07/19 и бр. 16/24), Градоначалникот на Општина Новаци донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за прогласување на Програмата за зимско одржување на проодноста на општинските патишта и улици на територијата на Општина Новаци за сезоната 2025/26**

1. Се прогласува, Програмата за зимско одржување на проодноста на општинските патишта и улици на територијата на Општина Новаци за сезоната 2025/26, што Советот на Општина Новаци ја донесе на седницата одржана на 13.11.2025 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Новаци“.

08-861/2 Општина Новаци
17.11.2025 Градоначалник
Новаци Стевче Стевановски

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 и член 62 став 1 точка 1 од Законот за локална самоуправа (,,Сл Весник на РМ,, бр. 5/02 и „Сл весник на РСМ“ бр. 202/24), член 21 став 1 точка 12 и член 94 од Статутот на Општина Новаци („Сл. гласник на Општина Новаци” бр. 7/19 и 16/24), Советот на Општина Новаци на 2-рата седница одржана на ден 13.11.2025 година донесе:

**ПРОГРАМА**
**за зимско одржување на проодноста на општинските патишта и улици на територијата на општина Новаци за сезоната 2025/26 година**

**Вовед**

Појдовна основа за изработка на Програмата е член 14 став 4 и члне 34 од Законот за јавни патишта (,,Сл Весник на РМ бр 84/2008,124/10,53/11,150/15,163/16,174/2021) како и член 34 став 3 точка 2 од Законот за заштита и спасување (,,Сл.Весник на РМ бр 34/04,86/08,6/04,124/10,129/15,106/16,83/18,215/21).

**Содржина**

1. Цел на Програмата
2.Обем ,динамика и ниво на одржување
3.Огранизациска поставеност на службата за зимско одржување и обврски на ученсиците
3.1 Претпријатието на кое ке му биде доверена работата
3.2 Советот на општина Новаци
3.3. Единицата на локална самоуправа
3.4 Надзорен орган
3.4 Други учесници
4. Прилози

**1. Цел на програмата**

Програмата има за цел да предвиди услови за ефикасно спроведување на зимското одржување на локалните патишта и улици на територијата на општина Новаци преку :

- одредување на обемот на работа и нивото на чистење на снего и голомразиците од коловозните површини ;
- дефинирање на работите и задолженијата на учесниците во реалзиацата на оваа Програма ;

- дефинирање на обврските на сите учесници во реализација на Програмата .

**2. Обем, динамика и ниво на одржување**

2.1. Обем на одржување

Тргнувајќи од основната цел на Програмата , физичкиот обем на работите е утврден согласно приоритетот за оспособување на коловозите за фукнционирање на сообраќајот и тоа :

-локални патишта и улици по соодветен приоритет , по тип на коловоз ,по кој се одвива сообраќајот , витални локални патишта и улици (од локален пат или улица до објектот). ,објекти чие функционирање е од витално значење за општината

**2.2. Ниво и динамика на одржување**

Расчистување на коловозните површини се врши по следниот приоритет:

- локални патишта и улици од прв приоритет , по кои се одвива сообраќајот по асфалтиран коловоз и кон објекти кои се од витално значење за општината ;
- локални патишта и улици од втор приоритет, по кои се одвива сообраќајот

по тампониран или земјен коловоз

Одстранувањето на подмрзнатиците во услови кога нема врнежи се врши по приоритетот на локалниот пат или улица по кои се одвива сообраќајот .

Дежурството се обзебедува континуирано во зимскиот период .

Одговорните дежурни работници одржуваат контакти со сите субјекти , ја спроведуваат Програмата и даваат потребни информации на надлежните субјекти и граѓани .

Дежурството го спроведуваат вработените од претпријатието на кое ќе му бидат доверени работите со својата ангажирана механизација и работна сила и тоа според приоритетноста одредена со оваа Програма.

**3. Организациска поставеност на службеност за зимско одржување и обврски на учесниците**

На подрачјето на општина Новаци ,службата за зимско одржување ја организира Единицата на локална самоуправа-Новаци, како носител на сите работи и активности кои се однесуваат на целокупното функционирање на истата.

Преку својот надзорен орган ја следи реализацијата на Програмата и издава налози за работа .

Согласно Законот за јавни набавки (член 24 од ЗЈН) се одредува претпријатие кое ќе ја спроведува Програмата и ќе остварува соработка со сите други субјекти задолжени за спроведување на истата .

Функционирањето на службата за зимско одржување се остварува со следната организациска поставеност :

**3.1. Претпријатие на кое ќе му бидат доверени работите**

Претпријатието (Јавното претпријатие за комунални дејности ,,Комунална хигиена “Новаци) на кое ќе му бидат доверени работите ,формира тело за организирање и раководење на службата за зимско одржување . Телото ја следи реализацијата на оваа Програма и заедно со стручната служба одлучува за преземање на потребни активности за справување со проблемите предизвикани од временските неприлики .

Претпријатието (ЈПКД,,Комунална хигиена”Новаци ) ги има следните задолженија :

- организира непрекинато 24 часовно дежурство во текот на целиот зимски период ;
- со специјална машина , опрема и работна рака врши чистење на снегот и посипување на песок и ризла на коловозните површини ;
- машината и другата потребна опрема ја одржува во исправна состојба за дејствување во зимски услови ;
- води комплетна документација за работата на службата за зимско одржување;
- редовно , навремено го информира нарачателот и надзорниот орган за работата на службата за зимско одржување;
- секојдневно изготвува и доставува извештаи за извршената работа на службата за зимско одржување до нарачателот , РЦУК Битола и подрачното одделение на МВР ;
- организира редовно дежурство со потребна опрема и алат, резервни

делови и стручен кадар со цел обезбедување исправност на механизацијата и успешно дејствување на службата за зимско одржување ;
- за сезоната 2024/25 година во доволни количини да обезбеди песок и ризла за посипување на коловозните површини ;

**3.2 Советот на општина Новаци**

- ја усвојува оваа Програма ;
- го контролира извршувањето на оваа Програма

**3.3.Единицата на локална самоуправа –Новаци**

- ги координира активностите на сите задолжени субјекти во извршувањето на задачите од Програмата ;
- преку локалните средства за јавно информирање и месните заедници врши информирање за работата на службата за зимско одржување

**3.4 Надзорен орган**

Надзорниот орган го определува носителот на работите со решение со кое ги определува работните задачи при реализација на Програмата за организирање и функционирање на службата за зимско одржување на подрачјето на општина Новаци за сезоната 2024/25 година.

Надзорниот орган ги врши следните работи :
- ја следи работата на извршителот на работите и за тоа изготвува комплетна техничка документација ;
- врши координација со органите и телата на Советот на општина Новаци , РЦУК-Битола , подрачното одделение на МВР и други учесници , претпријатија, заедници и граѓани;
- дава налог за работа на претпријатието на кое му се доверени работите ;
- врши и други работи и работни задачи во врска со реализацијата на Програмата

**3.5. Други учесници**

3.5.1 Подрачното одделение на МВР го контролира и регулира сообраќајот во новонастанатите состојби на регионалните и локалните патишта во општина Новаци и секогаш ќе биде непосредна врска со сите задолжени субјекти како би се овозможило непречено чистење на истите .

3.5.2. Надлежниот општински орган за комунални работи се грижи за спроведување на Одлуката за одржување на комунален ред на подрачјето на општина Новаци , во делот на отстранување на снегот и мразот преку инспекциски служби.

3.5.3.Државниот хидрометролошки завод преку РЦУК-Битола доставува извештаи (дневни, тродневни, неделни и месечни) за временските услови до општина Новаци,претпријатието на кое му е доверена работата и надзорот.

3.5.4. Подрчаното одделение на ЕВН АД Скопје ,КЕЦ Битола ги презема потребните мерки за чистење на снегот од надворешните електроинсталации.

3.5.5 Подрачното одделение на Македонски телеком АД Скопје ги презема потребните мерки за чистење на снего од ндвозните ТТ уреди и инсталации.

3.5.6. Претпријатијата и заедниците чии отворени објекти и простории се користат од страна на граѓаните (училишта,амбуланти, железнички премини , бензиски пумпи, гробишта и слични објекти) , преземаат брзи и ефикасни мерки за отстранување на снегот и подмрзнатиците од овие објекти и простории.

3.5.7 Претпријатијата ,заедниците и граѓаните-сопственици , односно корисници на деловни згради и деловни простории(дуќани , продавници ,ресторани и сл објекти)преземаат мерки за отстранување на снегот и подмрзнатиците од пред овие објекти.

3.5.8. Граѓаните го чистат снегот и подмрзнатицата од патеиките и приодите пред своите домови,

За сите оние коие нема да ги извршуваат потребните работи ќе се постапува според Законот за јавна чистота и Одлуката за комунален ред.

**4.Оперативен план со преглед и приоритети на општинските патишта кои се предмет на зимско одржување**

4.1. Со оглед на тоа што низ поголемиот дел од населените места транзитираат регионални патишта за

кои одржувањето на коловозната конструкција и зимското одржување се во надлежност на ЈП Македонија пат, чистењето на снегот во зимски услови е насочен на општинските патишта .

Со чистењето на регионалните патишта кои истовремено се транзитни улици низ населените места во општината , опфатени се главните улици на следните места :

- **Новаци** улица , опфатена со регионалниот пат Р-1311(Битола-Новаци-Маково)
- **Добромири** –улиците опфатени со регионалниот пат Р-2340
- **Маково** улица- опфатена со регионалниот па Р-1311(Битола-Новаци Маково)
- **Рапеш-**улица-опфатена со регионалниот пат Р-1311(Маково –Рапеш-Старавина)
- **Гермијан ,Бач, Добровени** ,улици опфатени со регионалниот пат Р-2338(Гермијан –Старавина-Витолиште)

5.Чистењето на снег во зимски услови на општинските патишта ќе се врши според следниот редослед и приоритет :

| реден број (приоритет) | Патен правец | должина во км |
|---|---|---|
| 1 | рег пат Р-2340 Г.Агларци | 1 |
| 2 | рег пат Р-2340 Д.Алгарци | 0,8 |
| 3 | рег пат Р-2340 Далбеговци | 1 |
| 4 | рег пат Р-2338 Живојно | 6 |
| 5 | Новаци-Рибарци | 2.5 |
| 6 | Рибарци –Гнеотино | 4 |
| 7 | Гнеотино –Брод | 6 |
| 8 | рег пат Р2338 Брод | 2 |
| 9 | рег пат Р-1311 Мегленци | 1,5 |
| 10 | Мегленци –Арматуш | 2,5 |
| 11 | рег пат Р-1311 Паралово | 3 |
| 12 | рег пат Р-1311 Д.Орехово | 2 |
| 13 | Д.Орехово-Грумази | 5 |
| 14 | Грумази-Ивени | 7 |
| 15 | Маково-Орле | 4 |
| 16 | рег пат Р-1311 Брник | 3 |
| 17 | рег пат Р-1311 Зовиќ | 5 |
| 18 | рег пат Р-1311-Груниште | 4 |
| 19 | рег пат Р-1311-Будимирци | 4 |
| 20 | Старавина-Градешница | 3 |
| 21 | Новаци-Тепавци | 12 |
| 22 | Ново село-Балдовенци | 2 |
| 23 | Тепавци-Гнилеж | 5 |
| 24 | Брод-Велесело | 4 |
| 25 | Брод-Сливица | 4 |

6. Чистењето на снегот започнува во првите моменти на заврнување односно после наврнување на снег во висина од 5 цм,а најдоцна до 6 часа од почетокот на снежните врнежи

7. При наврнување на поголеми количини на снег на патиштата со дебелина на снежната покривка поголема од 20 цм , по наредба на Штабот за заштита и спасување на општина Новаци во чистењето на снегот ЈПКД ,,Комунална хигиена “Новаци се вклучува во чистењето и помош ќе побара од ЈП Македонија пат ,која ќе биде присутна на терен при чистењето на регионалните патишта.Во екстремни случаеви ќе бидат вклучени и приватните фирми и другите правни лица кои поседуваат градежна механизација,а во краен случај со посебни мерки се вклучува и месното населениеза рачно расчистување на снегот.

8.Се задолжуваат претпријатата кои се задолжени со механизација во овој план,да обезбедат исправност на механизацијата ,за истото навремено да ја информираат општината.

9.Посебно внимание во одржувањето на проодноста на патот ќе биде посветенона делницата Р-1311 Маково(.в.Преслап) , Р-2338-Старавина , рег пат Р-2338 – Живојно , каде што поради конфигурацијата на теренот можни се наноси од снег кои бараат почеста интервенција.

10.Средствата за зимско одржување , во износ од 1.200.000.00 денари се обезбедени од Буџетот на општина Новаци .

14-847/4 — Совет на општина Новаци
13.11.2025 — Претседател
Новаци — Илче Трајковски

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр. 05/02 и „Сл. весник на РСМ“ бр. 202/24) и член 68 од Статутот на Општина Новаци („Сл. гласник на Општина Новаци“ бр. 07/19 и бр. 16/24), Градоначалникот на Општина Новаци донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за прогласување на Планот на програма за развој на Општина Новаци за период од 2025-2027 година**

1. Се прогласува, Планот на програма за развој на Општина Новаци за период од 2025-2027 год., што Советот на Општина Новаци го донесе на седницата одржана на 13.11.2025 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Новаци“.

| | |
|---|---|
| 08-861/3 | Општина Новаци |
| 17.11.2025 | Градоначалник |
| Новаци | Стевче Стевановски |

О
п
ш
т
и
н
а

ПРИЛОГ 3

Образец В 1

# ПЛАН НА ПРОГРАМИ ЗА РАЗВОЈ

| | | | |
|---|---|---|---|
| Име на буџетска програма | Изгр.на водо.атм и фекална канализација на новопланирана ул.во и.зона Новаци | Ознака на буџетска/општинска програма | JG |
| Развојна потпрогра | Изгр.на водо.атм.и фекална кана. на нов. ул.во и.зона Новаци | Ознака на развојна потпрограма | JGA |
| Лице за контакт | Димитровска Оливера | Тел. и телефакс | 047/203060 |
| Функција: | Раководител на одделение за финансиски прашања | Е-маил | |

| | ОПИС |
|---|---|
| Цели на развојната потпрограма (идентификација на цели кои ќе се постигнат со реализација на развојната потпрограма) | Изградба на индустриска зона |
| Планирани активности | Изградба на индустриска зона |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Очекувани резултати / ефекти | Економски развој на општината | | | | |
| Ризик и претпоставки | Непредвидливи расходи,временски услови | | | | |
| Датум на започнување со имплементација на проектот | 02.10.2025 | | | | |
| Датум на завршување на проектот | 31.12.2027 | | | | |
| Вкупна вредност | 32.983.627 | | | | |
| Име на студија | | | | | |
| Ниво на студија* | ГП | | | | |
| Автор/Фирма, седиште | Градежен институт,,Македонија,,АД Скопје | | | | |
| Датум на изготвување на проектна документација | 1.јан | | | | |
| | | 2025 | 2026 | 2027 | 2028 |
| Индикатори | | 1492083 | 7596254 | 23895290 | |

*ДИП=Документ за идентификација на проектот (ст;
ИП = Идеен проект
ГП=Главен проект

ПФС=Пред-физибилити студија
ФС=Физибилити студија

ФИНАНСИСКА КОНСТРУКЦИЈА

| | | Динамика на финансирање | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Извор на финансирање** | **Статус на финансирање*** | **Вкупен износ на проектот во МКД** | **Потрошено заклучно со 31/12/2024** | **Предвидени расходи за 2025** | **2026** | **2027** | **2028** | **По 2028 година** |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 |
| Буџет (637) | | | | | | | | |
| Буџетско учество | | | | | | | | |
| ДДВ | | | | | | | | |
| Самофинансирање (787) | | | | | | | | |
| Вкупни донации | | | | | | | | |
| Име на донатор** | | | | | | | | |
| Име на донатор** | | | | | | | | |
| Вкупни заеми | | | | | | | | |
| Име на кредитор** | | | | | | | | |
| Име на кредитор** | | | | | | | | |
| Други извори на финансирање *** | | | | 1492083 | 7596254 | 23895290 | | |
| Вкупно | | | | | | | | |

** Ако е С= сигурен, внеси го датумот на потпишување на финансискиот договор или внеси КС = Квази сигурен, (што покажува дека договорот не е сеуште потпишан) или П = преговори (што покажува дека финансиерот е идентификуван и заинтересиран да го поддржи проектот).*

*** Тука да се наведат донаторите и кредиторите. Доколку има повеќе донатори или кредитори, да се внесе секој поодделно.*

****Да се наведат конкретните сопствени извори на инвеститорот ( локална самоуправа, јавните претпријатија, регионални центри, невладини организации и др.)*

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр. 05/02 и „Сл. весник на РСМ“ бр. 202/24) и член 68 од Статутот на Општина Новаци („Сл. гласник на Општина Новаци“ бр. 07/19 и бр. 16/24), Градоначалникот на Општина Новаци донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за прогласување на Планот на програма за развој на Општина Новаци за период од 2026-2028 година**

1. Се прогласува, Планот на програма за развој на Општина Новаци за период од 2026-2028 год., што Советот на Општина Новаци го донесе на седницата одржана на 13.11.2025 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Новаци“.

08-861/4 — Општина Новаци
17.11.2025 — Градоначалник
Новаци — Стевче Стевановски

С
т
е
в
ч
е

С
т
е
в
а
н
о
в
с

## Приходи

| Приходно конто | Назив | 787 | | | 786 | | | 785 | | | Вкупно | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 2026 | 2027 | 2028 | 2026 | 2027 | 2028 | 2026 | 2027 | 2028 | 2026 | 2027 | 2028 |
| | | 15.000.000 | 20.000.000 | 7.745.065 | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | |
| | Вкупно | 15.000.000 | 20.000.000 | 7.745.065 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |

## Расходи

| | 630 | | | 787 | | | 786 | | | 785 | | | Вкупно | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Расходна ставка | 2026 | 2027 | 2028 | 2026 | 2027 | 2028 | 2026 | 2027 | 2028 | 2026 | 2027 | 2028 | 2026 | 2027 | 2028 |
| 40 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 401 | | | | | | | | | | | | | | | |
| 402 | | | | | | | | | | | | | | | |
| 403 | | | | | | | | | | | | | | | |
| 404 | | | | | | | | | | | | | | | |
| 41 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 411 | | | | | | | | | | | | | | | |
| 412 | | | | | | | | | | | | | | | |
| 413 | | | | | | | | | | | | | | | |
| 414 | | | | | | | | | | | | | | | |
| 42 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 420 | | | | | | | | | | | | | | | |
| 421 | | | | | | | | | | | | | | | |
| 423 | | | | | | | | | | | | | | | |
| 424 | | | | | | | | | | | | | | | |
| 425 | | | | | | | | | | | | | | | |
| 426 | | | | | | | | | | | | | | | |
| 427 | | | | | | | | | | | | | | | |
| 43 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 431 | | | | | | | | | | | | | | | |
| 432 | | | | | | | | | | | | | | | |
| 433 | | | | | | | | | | | | | | | |

| Расходи | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 630 | | | 787 | | | 786 | | | 785 | | | Вкупно | | |
| Расходна ставка | 2026 | 2027 | 2028 | 2026 | 2027 | 2028 | 2026 | 2027 | 2028 | 2026 | 2027 | 2028 | 2026 | 2027 | 2028 |
| 44 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 441 | | | | | | | | | | | | | | | |
| 442 | | | | | | | | | | | | | | | |
| 443 | | | | | | | | | | | | | | | |
| 444 | | | | | | | | | | | | | | | |
| 45 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 451 | | | | | | | | | | | | | | | |
| 452 | | | | | | | | | | | | | | | |
| 453 | | | | | | | | | | | | | | | |
| 46 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 461 | | | | | | | | | | | | | | | |
| 462 | | | | | | | | | | | | | | | |
| 463 | | | | | | | | | | | | | | | |
| 464 | | | | | | | | | | | | | | | |
| 465 | | | | | | | | | | | | | | | |
| 47 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 471 | | | | | | | | | | | | | | | |
| 472 | | | | | | | | | | | | | | | |
| 473 | | | | | | | | | | | | | | | |
| 474 | | | | | | | | | | | | | | | |
| 48 | 15000000 | 20000000 | 7745065 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 480 | | | | | | | | | | | | | | | |
| 481 | | | | | | | | | | | | | | | |
| 482 | 15000000 | 20000000 | 7745065 | | | | | | | | | | | | |
| 483 | | | | | | | | | | | | | | | |
| 484 | | | | | | | | | | | | | | | |
| 485 | | | | | | | | | | | | | | | |
| 486 | | | | | | | | | | | | | | | |
| 487 | | | | | | | | | | | | | | | |
| 488 | | | | | | | | | | | | | | | |
| 489 | | | | | | | | | | | | | | | |
| 49 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 491 | | | | | | | | | | | | | | | |
| 492 | | | | | | | | | | | | | | | |
| 493 | | | | | | | | | | | | | | | |
| Вкупно | ######### | ######### | 7.745.065 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр. 05/02 и „Сл. весник на РСМ“ бр. 202/24) и член 68 од Статутот на Општина Новаци („Сл. гласник на Општина Новаци“ бр. 07/19 и бр. 16/24), Градоначалникот на Општина Новаци донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за прогласување на Одлуката за пренамена на средства на Буџетот на Општина Новаци за 2025 година**

1. Се прогласува, Одлуката за пренамена на средства на Буџетот на Општина Новаци за 2025 год., што Советот на Општина Новаци ја донесе на седницата одржана на 13.11.2025 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Новаци“.

08-861/5 Општина Новаци
17.11.2025 Градоначалник
Новаци Стевче Стевановски

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр. 5/2002 и „Сл. весник на РСМ“ бр. 202/24), член 29 став 1 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр. 61/2004; 96/2004; 67/2007; 156/2009; 47/2011; 192/2015 и 209/2018 и „Сл. весник на РСМ“ бр. 244/2019, 53/2021, 77/2021, 150/2021, 173/2022, 170/2024 и 37/2025), и член 36 од Законот за буџети („Сл. весник на РМ“ бр. 64/2005; 4/2008; 103/2008; 156/2009; 95/2010; 180/2011; 171/2012; 192/2015 и 167/2016 и „Сл. весник на РСМ“ бр. 151/2021 и 3/2025) и член 21 став 1 точка 49 од Статутот на Општина Новаци („Сл. гласник на Општина Новаци“ бр. 07/19 и бр. 16/24), Советот на Општина Новаци на 2-рата седница одржана на ден 13.11.2025 година, донесе:

**ОДЛУКА**
**за пренамена на средствата во Буџетот на Општина Новаци за 2025 година**

**Член 1**

Со оваа одлука се врши пренамена на средствата во Буџетот на Општина Новаци за 2025 година и тоа на следниот начин:

**Потпрограма** **<u>Буџет</u>**
**<u>Донации Самоф. Дотации Кредити</u>**
**<u>Потставка</u>**

**А00 Совет на општина**
426210 Расходи за репрезентација 100.000,00
**Д00 Градоначалник**
401110 Основни плати-функционери -12.000,00
402110 Основни придонеси за ПИО 12.000,00
**Е00 Општинска администрација**
426990 Други оперативни расходи 250.000,00
**Ф10 Урбанистичко планирање**
425640 Други договорни услуги -50.000,00
**Г10 Поддршка ан локален економски развој**
464990 Други трансфери -300.000,00
**Н10 Основно образование**
421220 Дрва

-
80.000,00
423110 Канцелариски материјали
-345,00

424440 Поправка и одржување на друга опрема
38.110,00
480140 Купување ан информатичка и видео опрема
42.235,00

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во ,,Службен гласник на општина Новаци,, и станува составен дел на Буџетот на општината за 2025 година.

14-847/7 Совет на општина Новаци
13.11.2025 Претседател
Новаци Илче Трајковски

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр. 05/02 и „Сл. весник на РСМ“ бр. 202/24) и член 68 од Статутот на Општина Новаци („Сл. гласник на Општина Новаци“ бр. 07/19 и бр. 16/24), Градоначалникот на Општина Новаци донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за прогласување на Одлуката за одобрување на еднократна финансиска помош на здружението Пелагониски културно-научни средби при Општина Новаци**

1. Се прогласува, Одлуката за одобрување на еднократна финансиска помош на здружението Пелагониски културно-научни средби при Општина Новаци, што Советот на Општина Новаци ја донесе на седницата одржана на 13.11.2025 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Новаци“.

08-861/6 Општина Новаци
17.11.2025 Градоначалник
Новаци Стевче Стевановски

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр. 5/02 и „Сл весник на РСМ“ бр. 202/24) и член 21 став 1 точка 50 од Статутот на Општина Новаци („Сл. гласник на Општина Новаци” бр. 7/19 и 16/24), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на 13.11.2025 година донесе:

**О Д Л У К А**
**за одобрување на еднократна финансиска помош на Здружение Пелагониски-културно научни средби при Општина Новаци**

Член 1

Со оваа Одлука се одобрува еднократна финансиска помош на Здружението Пелагониски-културно научни средби при општина Новаци, печатење на Зборник бр.20 на Пелагониски средби.

Член 2

Се одобрува Градоначалникот на Општина Новаци, да исплати сума во бруто износ од 25.000,00 денари, од Буџетот на Општина Новаци за 2025 год.

Член 3

Средствата од член 1, ќе се исплатат со посебно Решение, донесено од Градоначалникот на Општина Новаци.

Член 4

Средствата да се префрлат на
Име Здружение Пелагониски-културно научни средби при општина Новаци
Жиро сметка 300060000021955
Депонент Комерцијална банка АД Скопје

Член 5

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Новаци“.

14-847/8 — Совет на општина Новаци
13.11.2025 — Претседател
Новаци — Илче Трајковски

**СОДРЖИНА**

1. ЗАКЛУЧОК за прогласување на Програмата за зимско одржување на проодноста на општинските патишта и улици на територијата на Општина Новаци за сезоната 2025/26.......................................................................1
   - ПРОГРАМА за зимско одржување на проодноста на општинските патишта и улици на територијата на општина Новаци за сезоната 2025/26 година..........................................................................................1,2,3,4
2. ЗАКЛУЧОК за прогласување на Планот на програма за развој на Општина Новаци за период од 2025-2027 година......................................................................................................................................................5
3. ЗАКЛУЧОК за прогласување на Планот на програма за развој на Општина Новаци за период од 2026-2028 година......................................................................................................................................................6
4. ЗАКЛУЧОК за прогласување на Одлуката за пренамена на средства на Буџетот на Општина Новаци за 2025 година......................................................................................................................................................7
   - ОДЛУКА за пренамена на средствата во Буџетот на Општина Новаци за 2025 година..............................7,8
5. ЗАКЛУЧОК за прогласување на Одлуката за одобрување на еднократна финансиска помош на здружениевто Пелагониски културно-научни средби при Општина Новаци....................................................8
   - ОДЛУКА за одобрување на еднократна финансиска помош на Здружение Пелагониски-културно научни средби при Општина Новаци..........................................................................................................9

**Издава: Општина Новаци**
**тел. 047 203 060**
**Буџет на Општина Новаци, Народна банка на РСМ**
**Сметка: 749014004563010 Д.Б. 4002004169848, Приходна Шифра 752939**
**Излегува по потреба**